**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ СО НАСЛОВ „УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ“ ОД ДОЦ. Д-Р ЗОРАН ЗДРАВЕВ, ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ И М-Р МИРЈАНА КОЦАЛЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1502-179/20 од 113. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 23.12.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доцент д-р Игор Стојановиќ, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
– доцент д-р Благој Делипетрев, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум **„УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ“ од доц. д-р Зоран Здравев, доц. д-р Александар Крстев и м-р Мирјана Коцалева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за информатика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Доставениот ракопис „Управување со информациски системи“ е наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за информатика за предметот Управување со ИТ проекти, кој се слуша во осмиот семестар, со фонд на часови 2+2+1, на студиската програма Бизнис информатика.

**Податоци за обемот ракописот**

Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 105 страници во А4 формат, поделени во Вовед, 7 тематски целини и Додатоци, каде што се дадени практични примери за елаборати, студии и планови за управување со проекти:

1. Вовед;
2. Управување со проекти за информациски системи;
3. Иницијализација на проект;
4. Планирање на проект;
5. Извршување на проект;
6. Мониторирање и контрола на проект;
7. Затворање на проект;
8. Дополнителни документи за проект;
9. Додатоци.

Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа во семестар.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија, ваков практикум, по обем и содржина, којшто одговара на предвидената наставна програма по предметот Управување со ИТ проекти на ФИ при УГД не е објавен.

**Краток опис на содржината**

Во поглавјето *Управување со проекти за информациски системи* се дадени основи принципи на управување, објаснети се фазите од животниот циклус на еден проект и се наведени постапките за изготвување на сите потребни документи: елаборати, студии и планови кои се неопходни за водење на проекти.

Во поглавјето *Иницијализација на проект* е објаснето значењето на оваа фаза за започнување на некој проект и детално се опишани документите кои треба да се подготват за успешно завршување на оваа фаза.

Во поглавјето *Планирање на проект* е објаснето значењето на оваа фаза за секој проект и детално е опишана подготовката на план за управување со проекти за информациски системи. Исто така, се опишани и документите што треба да се подготват за успешно завршување на оваа фаза.

Во поглавјето *Извршување на проект* е објаснето значењето на оваа фаза за извршувањето на некој проект и детално се опишани документите кои треба да се подготват за успешно завршување на оваа фаза.

Во поглавјето *Мониторирање и контрола на проект* е објаснето значењето на оваа фаза за секој проект и детално се опишани документите што треба да се подготват за успешно завршување на оваа фаза.

Во поглавјето *Затворање на проект* е објаснето значењето на оваа фаза за завршувањето на некој проект и детално се опишани процедурите кои треба да се извршат, како и документите кои треба да се подготват за успешно завршување на оваа фаза.

Во поглавјето *Дополнителни документи за проект* се дадени примери и описи на документи кои би требало да се генерираат при работењето на ИТ проекти. Со овие типови на документи се олеснува стандардизираното документирање за проектите и се подига квалитетот на работењето.

На крајот, во Додатоците се дадени практични примери за елаборати, студии, планови и други неопходни документи кои се неопходни при управувањето со проекти за информациски системи.

## З А К Л У Ч О К

Наставните единици во практикумот се елаборирани систематски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримат и да ја разберат суштината на овие содржини.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство **му препорачуваме да го прифати рецензираниот ракопис „Управување со информациски системи“ од авторите доц. д-р Зоран Здравев, доц. д-р Александар Крстев и м-р Мирјана Коцалева за печатење и користење како универзитетско учебно помагало - ПРАКТИКУМ.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доцент д-р Игор Стојановиќ, с.р.**
**Доцент д-р Благој Делипетрев, с.р.**